Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: | 10.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 142/2 | | |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LX седницата одржана на ден 23.12.2024, донесе

**Програма**
**за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2025 година**

ВОВЕД

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, оделението Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2022 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

1. Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;
2. Преглед за потребите за одржување и тоа :
   1) Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;
   2) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;
   3) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;
   4) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и потребните финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.
3. Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

При изготвување на оваа програма земен е предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржување на зеленилото е менлив елемент и тоа во зависност од климатските услови, потребите на градот, структурата на градот и неговата распространетост.

Оделението за Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш се занимава и со производство на саден материјал за цветен расад кој е наменет за потребите на самото претпријатие за пополнување на цветните површини во градот Радовиш.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Цел на програмата на Оделението за Паркови и Зеленило е да се прикаже обемот на работа која ја извршуват вработените , како и финансиските средства кои се потребни за извршување на наведените активности по програмата во 2025 година.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во Табела 1 се прикажани сите позиции со изразени површини со јавно зеленило во $м^2$ кој се планирани за тековно одржување во 2025 година и тоа:

1. **Табела 1:**

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Површина во $m^2$** |
|---|---|---|
| 1. | Градски парк (Ловен дом) | 18.900 |
| 2. | Радовишка река (корито од радовишка река) | 16.200 |
| 3. | Зелена површина на триаголник на ул. “Илија Алексов ” | 54 |
| 4. | Детски Парк Марди | 450 |
| 5. | Зелена површина и фонтана во Парк на младите | 720 |
| 6. | Кружен тек на ул. “22 Октомври “ во спој со Ул.Партизанска | 45 |
| 7. | Спомен паркот во сеќавање на 22 Октомври – спроти Центар за култура | 90 |
| 8. | Зелена површина пред стоковна куќа | 135 |
| 9. | Зелена површина пред зградата на основниот суд | 540 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Одржување на дрворедите по кеј 8 Септември и булевар Александар Македонски | 5.400 |
| 11. | Зелена површина позади основен суд | 270 |
| 12. | Паркот Липа на ул. " Бел Камен " | 135 |
| 13. | Зелени површини на шеталиште " св.Спасо Радовишки" | 90 |
| 14. | Зелени површини околу сите станбени згради | 8.100 |
| 15. | Мало булеварче на ул."Плачковица " | 90 |
| 16. | Зелена површина пред зградата на општина Радовиш | 935 |
| 17. | Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци пред аптека Зегин | 45 |
| 18. | Парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов | 90 |
| 19. | Жардинериите поставени на повеке локации низ градот | 36 |
| 20. | Зелена површина околу дневен центар UNICEF | 45 |
| 21. | Тротоари на ул." Плачковица" | 900 |
| 22. | Зелен појас на триаголник на ул.Плачковица | 35 |
| 23. | Зелени површини и фонтана на плоштад " св.Спасо Радовишки | 30 |
| 24. | Влезови на градот Радовиш | 540 |
| 25. | Банкини на потег помеѓу бул.Александар Македонски и двата влеза на Радовиш | 500 |
| 26. | Зелена површина околу Спортска сала во Радовиш | 1.350 |
| 27. | Зелена површина на стрелиштето | 3.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Зеленило на Бул. "А. Македонски "помеѓу двата коловоза | 3.000 |
| 29. | Кружен тек на бул. А. Македонски со ул. "Илија Алексов " | 160 |
| 30. | Кружен тек на бул."А. Македонски "со Ул. 22ри Октомври | 300 |
| 31. | Градски стадион | 600 |
| 32. | Детско игралиште во с. Воиславци | 100 |
| 33. | Детско игралиште во с.Сулдурци | 100 |
| 34. | Детско игралиште во с. Калуѓерица | 100 |
| 35. | Детско игралиште во с. Ораовица | 100 |
| 36. | Детско игралиште во с. Подареш | 100 |
| 37. | Детско игралиште во с. Јаргулица | 100 |
| 38. | Детско игралиште во с. Злеово | 100 |
| 39. | Детско игралиште во с. Ињево | |
| 40. | Парк и детско игралиште во н. Раклиш | 200 |
| 41. | Парк во с. Ораовица | 150 |
| 42. | Тениско игралиште во градинката "Цветови" | 550 |
| 43. | Ул Илија Алексов од кружен тек на булевар Александар Македонски до центарот на н.Раклиш | 850 |
| 44. | Зеленило околу спортско игралиште во двор на гимназија Коста Сусинов во Радовиш | 2.000 |
| 45. | Детско игралиште во н. Куклевица на ул. Кирил и Методи | 100 |
| 46. | Детско игралиште во н. Куклевица на улица Вардарска | 200 |

| | | |
|---|---|---|
| 47. | Сечење и кроење на дрва на повеке локации во градот | |

2. **1.** Во продолжение се опишани активностите што ке се превземаат на дадените локации од табела 1:

   1) Градски парк (Ловен дом )

Градскиот парк е најголема површина од 18.900 м² во нашиот град и бара постојани активности за одржување на постоечката инфраструктура, тревни површини, и др.
Состојбата со хортикултурното и урбано уредување во гратскиот парк е лоша бидејки повеке години уназад не е инвестирано во нови содржини , ниту нешто е обновено од постоечките инфрастуктурни, хортикултурни и урбани содржини. За гратскиот парк да го добие сјајот на урбано уредено место за оваа намена, потребно е да се инвестира во него со посебен проект кој што ке ги опфати сите сегменти во негово уредување како урбано така и хортикултурно, а тоа може да го реализира општина Радовиш од сопствени средства кој што нема да бидат предмет на оваа програма.
Во повеке наврати од годината во градскиот парк се одвиваат следниве активности : чистење од фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, поткастрување на долните гранки на дрвјата нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија , сечење на исушените дрва нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на израстени џбунови, прскање со препарат против плевел, чистење на патеките од трева и плевел, чистење на паднати исушени лисја во есента товарање и транспортирање до градска депонија со трактор, одржување на хигиената на корпите за отпадоци и др.

   2) Корито на Радовишка река

Коритото на Радовишка река од 16.200 м² се протега по должина по целиот град, а тоа значи дека за одржување е предвиден просторот од мостот Бриони – место до каде што е изградено коритото со камен до последните куќи под Спортска сала 25 Мај Радовиш.
Во коритото на Радовишка река се одвиваат следниве активности : прскање со препарат против плевел на тревата и троскот по каменестите странични ѕидови на коритото, чистење на истите и отстранување на исчистениот отпад , чистење на фрлен отпад, косење со моторна косачка, чистење на израснати џбунови со триор и секира нивно товарање и отстранување со трактор и транспортирање до градската депонија, чистење на столбовите на мостовите и целосно коритото од наноси од поројните дождови нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на паднати исушени лисја во есента од дрворедите по кејот , и др.

3) Зелена површина на триаголник на ул."Илија Алексов "

Со површина од 54 м$^2$ е мало место ,но бидејќи е над асфалтирана површина потребно е повеке ангажман за зеленилото да успее.
Во него се одвиваат следниве активности: косење на тревата,наводнување со цистерна на тревата и цвеќињата, плевење , кубење на старото цвеќе, садење на ново сезонско цвеќе, прашење на цвеќињата , прихранување на тревата и цвеќињата , чистење од фрлен отпад и др.

4) Детски Парк Марди

Паркот е со површина од 450м$^2$ .Во него има поставено детски игрaчки, потоа има поставено клупи за седење и корпи за отпадоци чија хигиена треба да се одржува . Тревнатата површина се коси со моторна косачка, се прихранува, се чисти од фрлен отпад ,собирање на суви паднати листови во есен, се наводнува со црево. На оваа површина се планира обновување на дел од зеленилото.

5) Зелена површина и фонтана во Паркот на младите

Паркот е со вкупна површина од 720 м$^2$. Тревата се коси со моторна грбна косачка, се потхранува периодично, се врши чистење на патеките од плевел, прскање против плевел,сечење на стари исушени дрва и транспортирање до градската депонија ,кастрење на ниски гранки и нивно отстранување,чистење на суви лисја во есен,прашење и прихранување ,чистење на фрлен отпад, наводнување со црево, отстранување на ѓубрето од кантите за отпадок.Во Паркот на младите исто така се планира редовно одржување на фонтаната, реновирање со премачкување со течна гума, украсно осветлување, обновување на млазници за распрскување на вода,редовно чистење од фрлен отпад. На оваа површина се планира обновување на дел од зеленилото.

6) Кружен тек на ул. " 22 Октомври " во спој со ул.Партизанска

Вкупната површина е 45 м $^2$ и е моментално простор оплеменет со трева и цвеке. Во пролетниот период од 2011 година на оваа површина ке се изврши комплетно реновирање на хортикултурното уредување со ново цвеке, трева и украсен камен. Исто така редовно ке се врши налевање со вода, плевење, чистење од фрлен отпад и др.

7) Спомен парк во секавање на 22 Октомври спроти Центарот за култура

Со вкупна површина од 90 м $^2$ и во него се одвиваат следниве активности: чистење на фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, сечење на стари исушени дрва и нивно собирање и транспортирање до градската депонија, кастрење на ниски гранки кој сметаат на минувачите и сообраќајните знаци собирање и транспортирање до градска депонија со тракторска приколка, чистење на паднати суви лисја во есента. На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

8) Зелена површина пред зградата на Стоковната куќа

Местото е со вкупна површина од 135 $м^2$ и на неа се врши косење со грбна моторна косачка ,наводнување во летниот период со цистерна или црево,чистење од фрлен отпад.Во жардинерите се посадува сезонско цвеќе.

9) Зелена површина пред зградата на основен суд

На површина од 540 $м^2$ се врши косење на тревата со грбна моторна косачка, сечење на ниски гранки и на суви дрвја и отстранување на собераните гранки и дрвја со приколка од трактор и транспортирање на градската депонија, чистење на фрлен отпад, собирање на паднати лисја во есента.На оваа површина се врши обновување на зеленилото.

10) Дрвореди по кејот 8 ми Септември и по булеварот Александар Македонски

Сета површина е околу 5.400 $м^2$ и се распоредени по должината на кејот на Радовишка река од двете страни и по целата должина на булеварот Александар Македонски од двете страни . Во зимскиот период се превземаат следните активности: кастрење на ниските гранки кој сметаат на постојаните минувачи и поставените сообраќајни знаци нивно собирање и транспортирање до градската депонија со тракторска приколка, сечење на стари и исушени дрвја нивно отстранување и транспортирање и заменување со нови садници,собирање и отстранување на паднати исушени лисја во есен, чистење на треви, расчистување на израстоци по стеблото на дрвата и др.

11) Зелена површина позади основен суд

Овој простор од 270 $м^2$ се коси со моторна грбна косачка ,околу оградата и празниот простор, се чисти од фрлен отпад .

12) Паркот Липа на ул. "Бел камен "

Паркот е со површина од 135 $м^2$ и заради нерамниот терен косењето се врши со моторна грбна косачка, одржување на патеките нивно чистење од плевел,наводнување со црево, прихранување по потреба, чистење на отпад, кастрење на ниските гранки нивно собирање и фрлање , собирање на суви паднати лисја од дрвјата , планираме обновување на тревата. На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

13) Зелени површини на шеталиште " св.Спасо Радовишки "

Зелените површини се распоредени на неколку места и се со вкупна површина од 90 $м^2$,дел од нив се тревни површини, а на едното место има засадено и сезонско цвеќе. Површините се окопуваат, прихрануваат, косат со моторна грбна косачка, се чистат од фрлен отпад, се врши собирање на суви лисја од дрворедите по улицата,се отстрануваат старите и се садат нови сезонски цвеќиња,се прихрануваат прашат и чистат од отпад.Сета површина се наводнува со црево.

14) Зелени површини околу сите станбени згради

Во оваа површина се вбројуваат површините околу сите згради и пред нив и позади нив и тоа 8.100 м². На нив се врши косење со грбна моторна косачка , се чистат од фрлен отпад , се кројат ниските гранки на дрвјата и се транспортираат до градската депонија,се собираат паднати лисја во есента од дрвјата се товараат и транспортираат со тракторска приколка.

15) Мало булеварче на ул."Плачковица "

Тоа е со површина од 90 м ² и во него се одвиваат следниве активности: косење со грбна моторна косачка, чистење на ивичњаците од плевел , наводнување со цистерна во топлите денови , чистење од фрлен отпад . На оваа површина се планира обновување на зеленилото, хортикултурно уредување и украсување со украсен камен.

16) Парк пред зградата на општина Радовиш

На оваа површина од 935 м² има засадено дел со сезонско цвеќе и дел со трева. Таму се врши : косење на тревата со моторна косачка на туркање, отстранување на старо цвеќе и засадување на ново сезонско цвеќе ,прашење и плевење околу цвеќињата , прихранување и на тревата и на цвеќињата, чистење на фрлен отпад, чистење на плевел по патеките , наводнување со црево, кастрење на ниски гранки, собирање на суви лисја во есента и др. На оваа површина се планира обновување на зеленилото во делот пред влезот на општина Радовиш и хортикултурно уредување со цвеке и растенија како и украсување со украсен камен.

17) Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци

Паркот е со површина од 45 м² и во неа се извршуваат следниве активности: косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на патеките од плевел, по потреба периодично прихранување на тревата, чистење на фрлен отпад , наводнување со цистерна , собирање на суви лисја од дрвјата и нивно отстранување . На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

18) Парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов

Паркот е со површина од 90 м² и во него се врши : косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на фрлен отпад, собирање на суви лисја во есента, чистење на патеки од плевел . На оваа површина се планира комплетно реновирање.

19) Жардинериите низ градот

Со површина од 36 м ² во нив се врши садење на сезонско цвеќе, прихранување, кубење на трева, отстранување на старо цвеќе,чистење на отпад, наводнување со црево,прашење на засадените цвеќиња.

20) Дневен центар UNICEF

Зелена површина околу 45 м $^2$. На површината пред просториите на седиштето на UNICEF се коси тревата со грбна моторна косачка .

21) Тротоари на ул."Плачковица "

На оваа површина е планирано косење со грбна моторна косачка, овде се врши и прскање со препарат и чистење на плевелот по ивичњаците .Се чисти од фрлен отпад.

22) Зелена површина на триаголникот на ул.Плачковица

На овој простор од 35м$^2$ се одвиваат косење со моторна грбна косачка,чистење на ивичњаците од плевел, чистење на отпад и наводнување со цистерна во најтоплите летни денови.На оваа површина се планира да се доуреди со украсен камен.

23) Зелена површина и фонтана на Плоштад Св.Спасо Радовишки

На оваа површина од 30 м$^2$ се посадуват цвеќиња, се врши замена на старите со нови цвеќиња, окопување ,прихранување,наводнување со цистерна и црево, се чисти фрлен отпад, кубење на тревата израстено меѓу цвеќињата. Исто така се планира редовно одржување на фонтаната, реновирање со премачкување со течна гума, украсно осветлување, обновување на млазници за распрскување на вода, редовно чистење од фрлен отпад.

24) Влезови на градот Радовиш

На површината од 540 м2 се вршат следните активности: косење на тревата со грбна моторна косачка , чистење на израснати џбунови и капини и се одржува хигиената . Овде влегуваат и триаголниците пред Монополот кој се покриени со украсен камен каде ќе имаме и нивно одржување(прскање против коров ) .

25) Банкини на потег помеѓу Бул.Александар Македонски и влезови на градот Радовиш

На површина од 500м2 се одвиваат следниве активности :косење на трева со грбна моторна косачка, расчистување на израснати џбунови и капини по канафките од магистралниот пат и се врши чистење на фрлен отпад.

26) Зелена површина во кругот на Спортска сала во Радовиш

Во ова одржување спаѓа: косење на тревата со грбна моторна косачка целосно околу спортската сала и тоа :помеѓу Шампион, кај кејот и во целиот паркинг, собирање на окосената трева и нејзино отстранување, собирање паднати лисја во есен и нивно отстранување, кроење на дрва транспортирање до депонијата на гранки со трактор.

27) Зелена површина на стрелиштето

Целата површина околу 3.000м$^2$ по налог на општина Радовиш се коси со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

28) Зеленило на Булевар " Александар Македонски" помеѓу двата коловоза

На површина од 3.000м$^2$ на средишниот дел од булеварот се вршат овие активности: прскање со хемиски препарат против плевел на местата каде има израстено, нивно чистење и отстранување, наводнување на украсни растенија и тревата со цистерна и со систем капка по капка, косење на трева со моторна косачка на туркање,сечење на исушените дрвца нивно отстранување и заменување со нови,чистење на фрлен отпад , прихранување на растенијата, тревата и дрвцата , кроење на зеленилото:prunus otto luycen,мини ружи,juniperus procumbens nana, и др., кубење на трева на делот од кружниот тек на ул. Илија Алексов – кружниот тек кај автобуската станица и др.

29) Кружен тек на бул. " А. Македонски " со ул."Илија Алексов "

Површината му е 160 м$^2$ со приклучок за вода и се наводнува со црево и со распрскувачи , се врши прихранување,се чисти од отпад, а додека тревата се коси со моторна косачка на туркање , се прихранува, наводнува , се прскаат ивичнаците со препарат против плевел,прашење на зеленилото. На оваа површина се планира комплетно обновување на зелената површина со нови садници.

30) Кружен тек на бул. " А. Македонски" со ул. 22 Октомври

Вкупната површина на кружниот тек од 300 м$^2$ заедно со четирите странични издигнати делови посеани и посадени со трева .Овде се врши наводнување со систем капка по капка, косење со моторна косачка на туркање , прихранување ,чистење на фрлен отпад, прскање на ивичњаците со препарат против плевел и негово отстранување,кроење на зеленилото.

31) За површините од позиција 31 до позиција 46 од Табела 1 се врши косење на израсната трева со грбна косачка, чистење од фрлен отпад , плевење, прскање против плевел.

**Реализација на активностите во програмата по позициите од табела 1 по основ на цените на услугите од ценовникот на ЈП Плавaја Радовиш точка 10 Паркови и зеленило донесени од страна на советот на општина Радовиш со арх. Бр. 08-1280/1 од 25.09.2024 година, ќе биде во висина од 4.500.000 денари.**

**Средства во висина од 1.000.000,00 денари за Подигнување на ново зеленило.**

**Финансирањето на програмата е од такса за одржување на паркови и зеленило која изнесува 67 денари од корисник за физички и правни субјекти како надоместок за одржување на паркови и зеленило согласно одлуката за утврдување на надоместок за одржување на паркови и зеленило на општина Радовиш донесена од страна на советот на општина Радовиш се планирани средства од 5.500.000,00 денари.**

Програмата стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1796/2
Дата 23.12.2024 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Strahil Gavritov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3586221, cn=Strahil Gavritov
Date: 2024.12.23 17:38:34 +01'00'

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 10.02.2025
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0201 | 142/1 | | |


Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на LX седницата одржана на ден 23.12.2024, донесе

# ОДЛУКА

## за усвојување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2025 година

член 1

Се усвојува Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2025 година.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

| | |
|---|---|
| Број 08-1796/1 | Совет на Општина Радовиш |
| Дата 23.12.2024 година | Претседател |
| Радовиш | Страхил Гавритов |

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Strahil Gavritov
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3586221, cn=Strahil Gavritov
Date: 2024.12.23 17:38:15 +01'00'